# ПОСТМОДЕРНИОТ КОНЦЕПТ И ТЕРОРИЗМОТ

**Јасмина Мојсиева-Гушева**

*Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Македонија*

This study emphasizes antagonism of the postmodern concept against the policy of globalization and “democratization” taking place in the world in the last decades. World policy differs from postmodern pluralism by the acceptance of global hegemony as a natural and constructive social process. It is grounded on quasi democracy, which unavoidably produces terrorism – the new evil that threatens the world. Today, as well as in the future, as a consequence of the ultimate democracy (everyone may influence the world system in the manner of Hard and Negri and their imaginary Empire) terrorism turns into policy of ruling.

The Balkan within its diversities is a fertile soil for terrorism. Throughout the process of favor of marginal groups, it is included in the postmodern political game of the big powers bringing only misfortunes.

Размислувајќи за ставовите и формите на однесување што произлегуваат од постмодерната како прифатен и распространет теориски дискурс, забележуваме дека тие се во тотална противречност со денешната дневно политичка практика. Ниту формулацијата за сузбивање на големите наративи или нации-држави, ниту почитувањето на плурализмот и разликите, ниту широчината и толерантноста не се применуваат во светската практика во последниве години. Сведоци сме токму на спротивен процес. Светската политика е насочена кон губење на мултипликацијата и веријабилноста на „маргинализираните“ политички групи, кон навраќањето кон „големите наративи“ или „државите сојузи“ од комплексен тип, кон креирање на политика на заплашување, кон идентификацијата според таканаречениот „заеднички непријател“.

Познато е дека постмодернистичката политика е креирана како политика на плуралност, која се реализира себеси преку спротивностите и прифаќањето на конфликтот како начин за некаков напредок. Формулирањето на постмодернистичката концепција со потенцирање на различноста и повеќезначноста може да се доведе во врска со времето и процесите кои го оформија самиот контекст на нејзиното настанување преку американската идеологија за демократија и правата на единката, преку еуфоријата за распаѓањето на големите комунистички режими и исцрпувањето на категориите вистина, реалност, време, историја, како и преку активирање и заживување на парцијализирани и маргинализирани групи итн.

Сето она што се случува со светот во последните децении води кон сосема други насоки, кои крајно се разликуваат од постмодернистичките поставки. Тоа е новиот дискурс на една глобална светска политика поврзан со контекстот на американскиот

империјализам, со остварувањето на сонот за „обединета Европа“, со светскиот процес на хомогенизација од секаков вид. Иако новата теорија на глобализација е базирана врз постмодернистичките процеси на детериторијализација и децентрализација, што според авторите Хард и Негри (Hardt & Negri, 2001:478) треба да резултира со создавање на нова држава без средиште и моќ, без географски центар и без император, како најдемократски модел воопшто досега понуден, со голем степен на револуционерност поради директното дејствување на единката врз империјата без никакво посредништво, во суштина таа е само уште една крајно проблематична идеологија, практично неизводлива. Но и од теориски аспект е неодржлива, бидејќи останува неодговорено основното прашање на кој метадискурс би му се спротиставувале единките ако сите секогаш формираат свои сопствени наративи. Не треба да се заборави дека единките и нивните паралогии од една стана помагаат за полесно концепирање на универзалното, но истовремено тие се и основниот извор за производство на конфликти. Предаденоста на постмодернистичката доктрина преку параметрите делумност и променливост, како што размислува Ернест Гелнер, (Gellner, 2000:54) исто така остава многу неповолно влијание. Овие параметри до таа мера ги заслепуваат единките што тие стануваат нестабилни и без идентитет. Како такви тие не можат да бидат субјекти кои би се вклучиле во промислувањето. Единствено можат да послужат како објекти кои ќе бидат управувани. Повеќе од очигледно е дека посочената идеа за револуционерност веднаш би се препнала на првото скалило и дека најавуваниот степен на демократичност е чиста илузија. На ова нè упатуваат и размислувањата на многу современи истражувачи (Глобализација, 2003), кои укажуваат дека глобализацијата неминовно води кон опасната хомогенизација и униформност на експанзирачкиот функционален свет.

Сите се свесни дека губењето на разликите во процесот на глобализацијата е штетен процес на кој треба решително да му се спротиставиме преку изразување недоверба на големите нарации или држави-нации. Но ваквите клучни постмодерни тенденции повторно се наоѓаат во колизија со она што во моментов се случува. Сведоци сме на создавање на држави-сојузи кои се идентифукуваат само според заедничкот непријател, истовремено декларирајќи се за демократичност која ја издигнуваат на ниво на врвен метадискурс. Во името на таа демократија всушност се изведуваат најсвирепи напади врз ДРУГИТЕ. Тоа е веќе видена работа со добро разработена концепција која се случуваше во земјите од Средна Америка, Блискиот Исток, Централна Азија, Балканот, со постојано отворен список на натамошни збиднувања. Македонскиот политичар Љубчо Георгиевски, очигледно добро упатен во светските збиднувања во 1994 година, објави расказ на оваа тема. Неговиот „Невозможен расказ“ (Георгиевски,1994:30-48) директно преку телевизиски пренос ги воведува читателите во средиштето на еден воен масакар. Вака прикажаната воена фикција ги буди асоцијатиите за реалните воени настани што досега неколку пати сме ги проследувале преку програмите на SNN. Несомнено дека вака прикажуваната илузија

креирана од семоќните деспотски диктатори ќе биде новата слика за светот што ќе се создава со манипулирање на информации.

Притоа очигледно се калкулира со претставата за стереотипите за другите кои добиваат посебен простор во времето на големите политички, идеолошки, верски и други конфликти. Традиционалната слика на Другиот, во таков контекст со додавање на негативни тонови, бргу прераснува во национална слика на непријателот. Ваквата прокламација е навистина опасна општествена појава која ги тера масите да почнуваат да веруваат дека другите се навистина непријателски расположени. Во суштина се работи токму за спротивното. Единствена закана е нашето однесување или како што би рекол Дерида (Derida, 2001:140) *единствени непријатели се блиските пријатели.* На иста линија стои и политиката на разумност на американската мислителка Хони Ферн Хејбер, којашто ја препорачува таа како можност за подобро разбирање на нас самите и нашиот однос кон другите. Ваквите рационални согледби не насочуваат кон рамислувањето дека е потребно и можно да се дава отпор на денес толку актуелните хегемонистички режими на моќта.

Формулирајќи ја постмодерната мисла Лиотар се изјаснува не само против деспотизмот туку и против анархијата. Токму тоа што денес нам ни се случува е живеење под канџите на деспотизмот кои предизвикуваат вистинска анархична фобија. Непријателот сега не е точно конкретизиран. Тој е олицетворен во заканата од апстракниот поим Тероризам која во себе содржи повеќеслојни импликации. Иако е сосем јасно, како што тврди и Ален Бадју (Badiou, 166) дека теторизмот претставува празно име без суштина, тој е реална закана бидејќи неговата празнина е исполнета со содржината на замислениот непријател. Ваквата поставеност на нештата доведе до параноиден страв од новото зло што доведе до квазивоена анархична состојба насекаде низ светот. Таа е поткрепувана од медиумските манипулативни кампањи кои секојдневно создаваат шоу во полза на своите политички пропаганди. Влијанието на ваквиот притисок врз населението се одразува врз неговата духовна и материјална култура оставајќи тешко совладливи последици. Се добива впечаток дека живееме во едно травматично време, време исполнето со насилство, во коешто царуваат најразличните видови оружје како што низ смеа претпочита да рече авторот Ермис Лафазановски во својот роман, тавтолошки насловен како „Роман за оружјето“ (Лафазановски, 2003:171). „Тоа е време во кое човекот лесно може да биде скршен, претепан, совладан, преплашен, изманипулиран со помош на различни типови оружје почнувајќи од навидум безопасните како на пример братската прегратка, поените во видеоигрите, точаците до безумните како проституцијата, феминизмот, новинарската патка, а да не ги спомниваме безутешните како што се ќотекот, пцостите итн.“ Во моментов светот се наоѓа во состојба на готовност да го возврати упатениот удар од непознатиот непријател, од оној што сѐ уште се спротивставува на процесите на глобализацијата. Без разлика каде се одвива судирот на обезличените спротиставени сили кои се насекаде околу нас, стравот од тероризмот буквално ги зафаќа сите единки. Тој е светски процес што се

надвива над секој поредок, независно од  религиската определеност или хегемониската доминација. Погледнато од оваа перспектива  на широка распространетост и манипулативност, тероризмот денес преминува во политика на владеење. Тој ја добива својата специфична форма и на нашето балканско тло. Со своите различности Балканот се покажа како плодно тло за тероризмот. Имено преку процесот на фаворизирање на маргинализираните  групи (албанската националност во Македонија и Косово), тој е вклучен во постмодернистичката политичка игра на големите сили, како и многупати низ вековите, која му носи само неволји. Неговата специфичност се состои во тоа што тој на ова тло се премолчува и се ублажува со различни изрази како „бунтовнички напади“ или „герилски борби“. Иако на сите им беше повеќе од јасно дека во Македонија во 2000 година  се случуваа терористички напади, па дури и напади однадвор врз нејзината граница, Западот не дозволи да се објави војна против тероризмот на овие простори прогласувајќи ги терористите за легитимни „борци за слобода“. Тие сè уште инсистираат дека сите овие случувања се во име на демократсите процеси со кои би требало Македонија да се доближи до Европа, а со тоа и до побрза, поуспешна и поцелосна глобализација. Балканот како крај на еден и почеток на друг континент секогаш бил јаболко на раздорот за кое се воделе воени конфликти. Тоа е просторот на кој  секој ја манифестира својата брутална моќ, а во воздухот лебди згусната тензија. Нему убаво му прилега метафорично избраното име „Буре барут“ (Дуковски, 2002:136) од драмата на Деан Дуковски, која ги истакнува различните фрустрации на неговите жители што се канализираат низ насилството. За агресивноста што се шири од балканските простори како експлозија еден друг македонски драматург Јордан Плевнеш во својата драма „Среќата е нова идеја во Европа“ (Плевнеш, 1998:110) ги  обвинува „идеолозите, предвидувачите, празните пророци, модерните аналфабети“ од измачената стара Европа. Неговата инверзна трагедија од типично постмодернистички ков ја пропагира среќата како излез од лавиринтот на трагичната европска историја испрскана со крвави дамки од злосторства и уништувања. Неа може да ја спаси само идеалистичката идеја за вечноста на среќата, убавината и најмногу од сè на моралот.

Како што е познато политиката подразбира убедување и моќ, а постмодерната мисла дијалог и почитување на разликите. Затоа се согласуваме со Хони Ферн Хејбер дека постмодерната мисла тука го завршува своето постоење, зашто таа не може да биде политичка. Најважно во постмодернистичката  концепција е почитувањето на правата на различните единки што очигледно е комплициран процес. Проследувајќи ја посмодерната Лиотарова теорија (Liotar, 1991:190), која самата запаѓа во контрадикција и поради фактот што ги анализира општествено–политичките проблеми користејќи го критериумот валиден за јазикот и со тоа го признава тоталитарниот принцип,   се добива впечаток дека светот се чини многу проблематичен ако се согледува во светлото на плурализмот. Свесен за слабостите на својата теорија Лиотар ни остава на располагање некој вид етика која овозможува со разновидноста да се постапува чесно. Притоа  на ум го има идеалот кој се

противи на секаков вид терор од страна на оние кои ги поддржуваат „метадискурсите“, залагајќи се секогаш за изнаоѓање нови алтернативни идеи и начини на изразување. Тој ја пропагира идејата за Правдата на разновидноста која би се спротиставувала на сите хиерархиски привилегии што можат да се најдат во традицијата на големите наративи. И во оваа идеја парадокси секако се забележани од многумина негови критичари: Geoff Bennington, Honi Fern Haber (Хејбер, 2002:68), кои му забележуваат дека тој ја комбинира радикалната заложба кон другоста со универзалниот принцип на ограничувањето, што доведува до тензија помеѓу Правдата како тоталитет и Правдата на разновидноста. На ваквата забелешка Лиотар одговара дека е повеќе од очигледно што и во рамките на паганското постојат нормативи што треба да се почитуваат. Тој признава дека моралниот закон што го бара во себе го содржи критериумот на универзалност, а со ова се наложува враќањето на идејата за единството и тоталитетот. Со тоа јасно се става крај и на идејата на радикална разновидност, но и на радикалната тоталитарност. Моралноста треба да ја добие својата форма во потикнувањето - рационалните суштества да можат да живеат заедно, почитувајќи ја различноста на малите наративи од кои се формира тоталитетот. Тоа е вистинското политичко решение за сите нас.

**Литература**


Hardt Michael, Negri Antonio. 2001. Empire. Harvard University Press.

Gellner, Ernest. 2000. Postmodernizam, razum i religija. Zagreb: Naklada Jesenski i Turk.

Глобализација (аргументи против). 2003. приредиле: Мандер Џери и Голдсмит Едвард. Београд: Clio.

Георгиевски, Љупчо. 1994. Невозможен расказ. во Дирекни интервенции со раскази во анатомската структура на историјата. Скопје:Феникс.

Derida, Žak. 2001. Politike prijateljstva. Beograd: Beogradski krug.

Badiou, Alain. Etics, An Essay on Understanding of Evel. London/New York :Verso.

Лафазановски, Ермис. 2003. Роман за оружјето. Магор: Скопје.

Дуковски, Деан. 2002. Буре барут. во Драми. Скопје:Проарт.

Плевнеш, Јордан. 1998. Среќата е нова идеја во Европа. Скопје: Ѓурѓа.

Liotar, Žan-Fransoa. 1991. Raskol. Sremski Karlovci:Izdavačka knjižara Zorana Stojanovića.

Хејбер Ферн Хони. 2002. Отаде постмодерната политика. Скопје: Институт за демократија, солидарност и цивилно општество.